Етикета за квалитет на сончеви термални производи во Европа

Унапредете го работењето со сончеви термални производи

www.solarkeymark.org

Solar Keymark
CEN Keymark шема

Solar Keymark
Етикета за квалитет на сончеви термални производи во Европа

Solar Keymark е доброволна сертификациона марка за сончеви термални производи која на крајните корисници им покажува дека производот е во согласност со релевантните европски стандарди и целосно ги исполнува дополнителните барања. Solar Keymark се користи во Европа и сѐповеќе се препознава низ светот.

Solar Keymark е CEN/CENELEC европска шема за етикетирање, единствено наменета за:

- Сончеви термални колектори
  (базирани на Европските стандарди од серијата EN12975)
- Фабрички изработени сончеви термални системи
  (базирани на Европските стандарди од серијата EN12976)

Досегашно искуство со Solar Keymark и влијание врз продажбата

„Сите наши сончеви колектори имаат Solar Keymark. Solar Keymark го олеснува пристапот кон нови пазари и го воведува новиот производ на Европско ниво. Сѐ повеќе и повеќе клиенти го препознаваат Solar Keymark и тоа е нешто што е препознатливо не само во Европа туку и низ целиот свет. Во Solar Keymark гледаме само предности: тестирање, инспекција и сертификација се барани и многу добро се структуирани.“ Андреас Вагнер, Wagner & Co.

Solar Keymark е развиена од страна на Европската федерација за сончева термална индустрија (ESTIF) и CEN (Европскиот комитет за стандардизација) во блиска соработка со водечките европски тест лаборатории и со поддршка на Европската комисија. Таа е најбитна марка за квалитет за сончеви термални производи и широко е распространета низ Европскиот пазар и надвор од него.

На 1 јануари 2011 издадени се над 1200 Solar Keymark лиценци.

Забелешка: Разлика помеѓу Solar Keymark и CE-ознаката
Solar Keymark е етикета за квалитет, а CE-ознаката само потврдува дека производот целосно ги исполнил минималните законски барања во согласност со специфичните Европски директиви.



Придобивки од Solar Keymark

Solar Keymark е создадена за да ги сертифицира високо квалитетните сончеви термални производи на Европско ниво. Целта е да се намалат трговските бариери и да се промовира користењето на високо квалитетни сончеви термални производи, како на Европскиот пазар така и надвор од него.

Solar Keymark обезбедува:

за производителите

- едноставна тест процедура
- еден тест валиден за сите Европски земји
- слободен избор помеѓу акредитираните тест лаборатории
- полесно воведување на нови производи во различни Европски земји
- поедноставени процедури за замена на компоненти во сертифицирани производи

за потрошувачите

- високо квалитетни производи
- гаранција дека продадениот производ е идентичен со тестираниот
- потврда дека производите ЦЕЛОСНО се тестирани во согласност со релевантните стандарди
- можност за субвенции

Еволуција на Solar Keymark

„На крајниот корисник Solar Keymark му покажува дека производот е сигурен и независно тестиран. Сè повеќе и повеќе влади го имаат идентификувано Solar Keymark како ефективна алатка за сигурна заштита на крајниот корисник од ниско квалитетните производи со слаби перформанси и издржливост, со што на овој начин го промовира подоброто користење на јавните фондови. Поради тоа Solar Keymark треба да биде задолжителен за сите европски земји и да биде услов за добивање стимулации.“

Харалд Дрик, Претседател на Solar Keymark Network

8 причини зошто – како производител – Ви е потребна Solar Keymark:

1. Намалување на трошоците за тестирање и администрација
2. Сертифициран производ
3. Зголемување на довербата кај потрошувачите
4. Нови можности за зголемување на Вашиот профит
5. Подобра слика за Вашата компанија
6. Трајна слика за квалитет на сончевата термална индустрија
7. „Пасош“ за Европските сончеви термални пазари
8. Пристап кон шемата за субвенции

Како да се добие Solar Keymark?

Solar Keymark може да се издаде само од страна на ополномоштено „**сертификационо тело**“, откако производот е тестиран од страна на акредитирана „**тест лабораторија**“.

Сертификационо тело е организација одговорна за доделување на Solar Keymark сертификати, а тест лабораторија е организација одговорна за сите тестови.

За да се добие Solar Keymark сертификација важно е дека тестираниот производ случајно е земен од тековното производство или од магацинот, од страна на независен инспектор. Исто така, производството и системот за менаџмент на квалитет што се имплементирани во фабриката ќе бидат проверени од страна на независен инспектор. Сертификационите тела се овластени од страна на CEN Сертификационото тело (CEN Certification Board – CCB).

Најдобар начин за започнување на Solar Keymark сертификацијата е да се контактираат еден или повеќе сертификациони тела. Потоа сертификационото тело ќе го советува клиентот за процедурата која следи – обично првиот чекор е пополнување на апликационен формулар. Некои сертификациони тела работат само со одредени тест лаборатории.

На веб страната на Solar Keymark, **www.solarkeymark.org**, ќе ги најдете последните промени и новости во врска со Solar Keymark, како и моменталната листа на овластени сертификациони тела и акредитирани тест лаборатории.



Забелешка: QMS значи систем за менаџмент на квалитет

1

Клучни барања

- Иницијалниот тест на производот се врши во акредитирана тест лабораторија
- Примерок на производот е избиран од производството или магацинот, од страна на испектор
- Фабриката мора да има систем за контрола на производството (слично на ISO 9000 серијата) – овој фабрички систем за контрола на производството редовно се проверува од страна на инспекторот
- Производството физички се проверува секои две години

2

Одржување на барањата за Solar Keymark

- **Годишна проверка** на производството: Документација на системот за менаџмент на квалитет
- **Секои две години**, инспекторот врши физичка инспекција на Solar Keymark сертифицираните производи, селектирани од производството или магацинот
- Плаќање на годишната сертификациона накнада
- Промените на производството пријавете ги на сертификационото тело

3

Како да го максимизирате влијанието на Solar Keymark сертификацијата?

- Почнете со рекламирање
  За купувачите и потрошувачите, Solar Keymark е доказ за:
  - докажан квалитет и перформанси
  - исцрпни информации поврзани со документацијата на производството
- Почнете да ги извезувате Вашите производи низ Европа и избегнете ги трговските бариери Solar Keymark се применува скоро насекаде низ Европа: нема потреба повторно да се изведат истите тестови во различни земји.

Каде се лоцирани сертификационите тела и тест лабораториите?

Моментално тие се:

дванаесет ополномоштени сертификациони тела

- AENOR (Шпанија)
- CERTIF (Португалија)
- EUROVENT CERTITA CERTIFICATION (Франција)
- DIN CERTCO (Германија)
- DQS Hellas (Грција)
- ICIM (Италија)
- ITC (Република Чешка)
- Kiwa Italia S.P.A (Италија)
- MIRTEC (Грција)
- SP Certification (Шведска)
- TSU Piestany (Словачка)
- TÜV Cyprus (Кипар)

24 акредитирани тест лаборатории за сончеви термални производи во Кипар, Италија, Австралија, Франција, Шпанија, Португалија, Грција, Канада, Германија, Кина, Чешка, Шведска, Швајцарија и Словачка. Горната листа важи од февруари 2017. Најновите информации можат да се најдат на **www.solarkeymark.org.**



Добивање на Solar Keymark

„Лесно е да се добие Solar Keymark. Потребно се 3-4 работни дена за да се припреми целиот процес. Добивањето е олеснето поради добрата комуникација со Сертификационото тело кое постојано нè информира во врска со цените и бараната документација. Понатаму, добрата врска со тест лабораторијата е неопходна со цел да се осигура пократко време за тестирање и континуиран прилив на информации во врска со процесите на тестирања и барањата за инспекција.“ *Кристијан Штадлер, Sonnenkraft*

Кој го прифаќа Solar Keymark?

Сите национални шеми за субвенции и ЕУ регулативите го прифаќаат Solar Keymark со неколку исклучоци каде можат да се постават дополнителни барања.

Индикативни трошоци за сертификација за добивање и обновување на Solar Keymark:

Почетни трошоци за добивање на Solar Keymark (трошок по производ):

- Тестирање, почетна фабричка инспекција и сертификација: 6 000 - 12 000 €

Годишни трошоци за обновување на Solar Keymark:

- Годишна фабричка инспекција, двогодишна инспекција на производството и сертификација: 2 000 -3 000 €/годишно

Тестирањето и сертификацијата на повеќе производи значително ги намалува трошоците по производ.

Заштеди

„Solar Keymark драстично ги намалува административните и финансиските оптеретувања поврзани со тестирањата, сертификацијата и соодветните административни процедури. Во минатото, пред воведувањето на Solar Keymark, ние моравме да го тестираме и сертифицираме секој производ во секоја земја посебно. Ова создаваше страшно голема работа која материјално чинеше и одземаше време. Како интернационална компанија, ние можеме да имаме придобивки од заштедите за тестирање и сертификација благодарејќи на усвоениот флексибилен систем „тестирање и сертификација“, кој се однесува посебно на „фамилии“. Навистина, ако производителот произведува „ист“ систем со различна големина, сега тоа се смета дека е ист тип (од иста „фамилија“); различната големина на системот станува подтип.“

Роб Местерс, Solahart

www.solarkeymark.org

На веб страната на Solar Keymark: www.solarkeymark.org, можете да најдете:

- Листа на сертифицирани производи
- Листа на акредитирани тест лаборатории
- Листа на овластени сертификациони тела
- Неколку брошури на различни јазици

QAiST – Осигурување на квалитет во технологијата на сончево загревање и ладење

Целта на QAiST проектот е да се подобри рамката за осигурување на квалитет за сончевите термални производи, така да Европската индустрија за сончево термално греење и ладење може значајно да допринесе кон остварување на целите за заштита на околината кои се договорени од страна на државите членки (до 2020 год. 20% од енергијата да е од обновливи извори) и зајакнување на нивното глобално технолошко лидерство.

European Solar Thermal Industry Federation (ESTIF)

Place du Champ de Mars 2
B-1050 Brussels, Belgium
Tel: +32 2 318 40 60
Email: info@estif.org
www.estif.org

За време на издавањето на оваа брошура, содржаните информации беа комплетни и точни, колку што се свесни авторите. Авторите не превземаат никаква одговорност за деловните или други одлуки кои се донесени како резултат на информациите содржани во оваа брошура.
Брисел – февруари 2017.
Авторско право: BSW-Solar/Langrock, Kingspan Renewables/Thermomax, Wagner & Co, Cölbe.

Овој леток е развиен во рамките на Европскиот проект QAiST.
QaiST го поддржуваат: